**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-436/6
18.04 2020, Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј

од **тринаесеттата седница** на Извршниот одбор на СКМ одржана **на ден 18.04.2020 година** преку платформата Zoom

На **тринаесеттата седница** на Извршниот одбор на СКМ, **присуствуваа 15 членови**.
На седницата присуствуваше и претседателот на **Надзорниот одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски.**
Седницата започна во **11.00 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими со читање на предлог-дневниот ред.
Предложениот дневен ред, беше ставен на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следниве точки

**ДНЕВЕН РЕД**

**1. Разгледување и усвојување на записник од 12-та седница на Извршниот одбор на СКМ**

**2. Разгледување и усвојување на Предлог-Правилник за полагање на СТРУЧЕН ИСПИТ**

**3.Разгледување и усвојување на предлог Финансиски извештај за работа на Комората за 2019 година**

**4. Разгледување и усвојување на предлог финансиски план за 2020 година**

**5. Активности на комората во изминатиот период, пред се на Кризна група на Комората**

**6.Разно**

По усвојувањето на дневниот ред, се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

**1. Разгледување и усвојување на записник од 12-та седница на Извршниот одбор одржан на ден 12.02.2020 година**

По однос на записникот од претходната седница на Извршниот одбор, истиот беше едногласно усвоен без измени и дополнувања.

**2. Разгледување и усвојување на Предлог-Правилник за полагање на СТРУЧЕН ИСПИТ**

По однос на оваа точка, Др Селими му даде збор з на Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Маријан Денковски, кој ги информираше членовите на Извршниот одбор дека, согласно последните измени на Законот за здравствена заштита објавени во Сл.весник бр.275 од 27.12.2019г., и тоа чл.6, со кој се менува досегашниот чл.121 ст.3, наместо досегашниот Правилник за полагање на стручен испит (кој Правилник беше во надлежност на Министерството за здравство во 2016г.), Комората го носи Правилник за полагање на СТРУЧЕН ИСПИТ, на кој министерот за здравство дава согласност. Согласно заклучокот од минатата седница на ИО претходната верзија на правилникот беше испратена до правно нормативниот сектор на Министерството за здравство, со измените и предлозите од последната седница на ИО, така што во најновата верзија од овој правилник се наведени и забелешките од правниот сектор на Министерството за здравство.

По известувањето во врска со Правилникот од страна на претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Маријан Денковски и кратка дискусија Предлог-Правилникот за полагање на стручен испит беше ставен на гласање при што истиот беше едногласно усвоен по што истиот ќе се проследи до Собранието на СКМ за разгледување и усвојување по што се враќа до министерот за здравство за потпишување и давање на согласност.

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Согласно измените на Законот за здравствена заштита објавени во Сл.весник бр.275 од 27.12.2019, **се усвојува предлог- Правилникот за состав на испитна комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини и образци на уверениоето за положен стручен испит на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата**

**Член 2**

Предлог - Правилникот за полагање на СТРУЧЕН ИСПИТ ќе се достави до Претседателот на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија и ќе се разгледува на првата наредна седница на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија

**Член 3**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**3. Разгледување и усвојување на предлог Финансиски извештај за работа на Комората за 2019 година**

По однос на оваа точка, Претседателот д-р Денковски информираше дека Финасискиот извештај за 2019 година е усвоен од страна на Надзорниот Одбор на Комората, по што збор зеде претседателот на Надзорниот одбор д-р Топузовски кој ги информираше членовите на ИО дека на последната нивна одржана седница е разгледан и усвоен Предлог финансискиот извештај без конкретни забелешки, измени и дополнувања со предлог дека подобро би било Vox Dentarii електронски да се доставува до сите членови на Комората отколку да се печати.

Во однос на предлогот од Надзорниот одбор, д-р Денковски информираше дека последниот број на весникот не е пеќатен и е пуштен по електронски пат на веб старна каде може членовите на Комората да го превземат сите членови на Комората и исто така информираше дека доколку ИО донесе одлука за електронско објавување, можно е разгледување на двата начина да се доставува весникот, на што за ова има и согласност од еономска комисија на Комора кои исто така сметаат дека подобро би било по електронски пат да биде објавувано.

Д-р Гагалески со забелешка на финансискиот извештај во делот за плати и хонорари за надворешни лица дека смета дека треба да се раздвојат од другите надоместоци по што од членовите на ИО му беше укажано дека веќе постојат посебни ставки за бруто плати и надоместоци на вработени под број 17 и посебна ставка за месечни хонорари за надворешни лица под број 18.

По кратка дискусија Предлог-финансискиот извештај беше ставен на гласање и беше усвоен со 14 гласа „ЗА“ и еден воздржан од д-р Јован Гагалески

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Се усвојува **предлог Финансиски извештај за работа на Комората за 2019 година**

**Член 2**

Предлог-Финансискиот извештај за работа на Комората за 2019 година ќе се достави до Претседателот на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија и ќе се

разгледува на првата наредна седница на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија

**Член 3**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**4. Разгледување и усвојување на предлог финансиски план за 2020 година**

По однос на оваа точка, Претседателот д-р Денковски ги информираше членовите за празните ставки кои се во предлог -финансискиот план за 2020 г. и тоа во однос на приходите и тоа чланарините, државните испити,солидарниот фонд, настаните и средствата кои беа предвидени за месец април и октомври. Во однос на расходите и платите на вработените ставката е намалена.

По ова и кратка дискусија Предлог- финасискиот план за 2020 година беше ставен на гласање при што беше едногласно усвоен.

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Се усвојува **предлог Финансиски план за работа на Комората за 2020 година**

**Член 2**

Предлог-Финансискиот план за работа на Комората за 2020 година ќе се достави до Претседателот на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија и ќе се разгледува на првата наредна седница на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија

**Член 3**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување

**5. Активности на комората во изминатиот период, пред се на Кризна група на Комората**

По однос на оваа точка, збор зеде претседателот на Комората, д-р Денковски кој ги информираше членовите за активностите на Кризната група на Стоматолошката комора на Македонија поврзана со пандемијата со Covid-19, спроведување на мерките донесени од страна на Министерството за здравство и Владата на Република Северна Македонија, како и заложувањата на Кризната група на Комората за олеснување на ситуацијата на сите стоматолози, со секојдневно комуницирање со министерство за здравство и Комисија за заразни болести, со објавување на препораки и задолженија кон стоматолозите како и навремени известувања во однос на уредбите со законска сила кои ги носи Владата на Република Северна Македонија, а се од интерес за докторите на стоматологија и стоматолошките ординации. Д-р Денковски информираше дека во овој период е наидено на проблеми од страна на Фондот за здравство, посебно со директорот Дончев и дека сепак се надминале во координација со министерство за здравство. Во однос на протоколите за работа на ординациите д-р Денковски објасни дека е презадоволен што Комората се наметна пред институциите дека е надлежна и спремна да ги направи протоколите за работа при повторно отварање на ординациите .Тој извести дека на истите се работи со користење на примери, пред се од Словенија, но и другите земји во светот преку размена на инфорамции и со други комори во регионот и помеѓу националните офицери на ФДИ.

Целта на Кризната група е и ќе е во работата на итните дежурни ординациии низ државата да се вклучат што повеќе приватни здравствени установи за да не се дојде до тоа ФЗОМ и Министерството за здравство не доведат у ситуација да кажат дека стоматолозите не работеле ништо и седеле дома со што не ја заслужуваат капитацијата и планираните специјалистички исплати туку да се има реално учество и на стоматолози во време кога сите се задолжени да затворат ординации

Д-р Касапи со пофалби упатени кон Кризната група и во однос на протоколите и -р Касапи смета дека протоколите од FDI треба да се усогласат по потреба на нашите ординации.

Д-р Табаковска со предлог да се разгледа можност за препишување на терапија од страна на матичен стоматолог во итните дежурни амбуланти кога се на смена.

Д-р Ферати со став дека се уште е рано да се размислува за финални протоколи додека не се дојде до ситуација да се почне со разговори за отварање на ординациите.

Д-р Денковски информираше дека следна задача на Кризната група е следење на ситуацијата на терен,односно посета на итните стоматолошки ординации и нивната работа со што Комората и интервенирала доколку има проблеми.

Понатаму Д-р Денковски изнесе неколку предлози до Извршниот Одбор кои доколку се прифатат да се предложат и на Собранието на СКМ кое има овластување да носи одлуки за членарина , и тоа:

1. **Членарината додека се опфатени месеците на неработење да не се наплатува воопшто, односно сите докторите на стоматологија-членови на Стоматолошката Комора на Македонија, поради настаната ситуација во врска со пандемијата со Covid-19, да се ослободуваат од плаќање на членарина за месеците април и мај.**
2. **Оние доктори кои се вклучени во процесот на дежурство и кои работат во овој период да се исклучат комплетно од плаќање на членарина за 2020 година независно дали се во ЈЗУ или ПЗУ.**

Овие два предлози на Претседателот на Стоматолошката Комора на Македонија, беа едногласно прифатени од членовите на Извршниот одбор.

Д-р Топузовски со прашање околу бодовите од КСУ за 2020година, на кое д-р Денковски одговори дека е објавен допис на веб страната на Комората за тоа што е досега разговарано и реализирано и се чека да се стабилзира состојбата со корона вирусот и по тоа ќе се разгледа состојбата на Комисијата за стручни прашања и напомена дека највероjатно како што е насекаде низ светот во сите дејности ќе се наоѓаат решенија настаните да може да организираат и преку видео конференција(вебинар) доколку неможе на досегашен начин и дека е на мислење дека Комората не би можела да донесе одлука за суспендирање на КСУ за 2020 година зошто тоа не е во нејзина надлежност, туку е дел од ЗЗЗ и Правилникот на КСУ.

**6.Разно**

По однос на оваа точка, збор зеде претседателот на Комората, д-р Денковски кој ги информираше присутните дека стигнат е допис до Комората од страна на директорот на Здравствен дом Струга кој истакнал дека немаат доволен број на кадар за итни стоматолошки служби, по кое е направен распоред за работа на приватни здравствени установи од страна на ФЗОМ кои немаат ингеренции да се вмешуваат во работата на Министерството за здравство и Комората, за кое ќе се бара објаснување од нивна страна.

По однос на распоредите за итни стоматолошки служби и протоколот за работа, д-р Фисник со предлог на самите листи кои се објавуваат со распоред задолжително да стои исполнување на основните критериуми за заштита при работа.

***ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 13-ТА СЕДНИЦА НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР ОДРЖАНА НА ДЕН 01.05.2020 ГОДИНА ПРЕКУ ПЛАТФОРМАТА ZOOM**

**На продолжението од 13-та седница на Извршниот одбор одржана на ден 01.05.2020 година присуствуваа сите членови на Одборот.**

На почетокот од продолжението од 13-та седница на Извршниот одбор на СКМ, збор зеде д-р Чемерска Попова која информираше дека помошта која Стоматолошката комора на Македонија ја спрема за итните стоматолошки служби е во ред со мала назнака дека за визири хуманитарната организација Lions club од Кавадарци обезбедила 100 визири кои биле донирани во Стоматолошка комора на Македонија. Во иднина хуманитарната организација од свои средства ќе набави уште визири и повторно ќе ги донира во Комората за да се распределат таму каде што ќе има потреба. Овој гест на хуманитарната организација Lions club од Кавадарци го поздравија сите членови на Извршниот одбор.

Д-р Денковски побара да се разгледа можноста и даде предлог во финансискиот план за 2020 година да се направи уште една ставка именувана како Ковид фонд од 1.000.000,00 денари и купуваните работи за помош на колегите да бидат од тој фонд. На овој предлог д-р Селими, претседател на Извршниот одбор на СКМ, се согласи дека подобро е да се има посебен фонд за помош.

Д-р Гагалевски ги информираше членовите на Одборот дека и тој преку градоначалникот на Прилеп обезбедил визири за 80% од тимовите во Прилеп, но ќе се потруди да обезбеди за сите стоматолошки здравствени установи во РО Прилеп.

Д-р Стојановски информираше дека дел од визирите од првата пратка и 30 визири од втората пратка што ги има поклонето хуманитарната организација од Кавадарци се кај него и ќе бидат донирани на нивните колеги и затоа не е предвидено купување на визири при обезбедување на помошта на тимовите кои дежураат. Во однос на фондот, д-р Стојановски смета дека е добро направените трошоци за таа намена посебно да се прикажуваат, како од посебен фонд.

Членовите на Извршниот одбор донесоа едногласна **Одлука** да се направи измена на финансискиот план за 2020 година во однос на веќе пратениот до Собранието и истата веднаш да се достави до делегатите пред почеток на седницата со додавање на уште една ставка именувана како Фонд за Ковид 19 од 1.000.000,00 денари со назнака за материјални и заштитни среддства само за оние доктори кои работат во итни стоматолошки служби.

Д-р Манасиев, претседател на Собрание на СКМ, со предлог да се ополномошти еден член од Одборот кој ќе го е овалстен подносител и предлагач во име на ИО на седницата на Собранието за финансискиот план за 2020 година. Д-р Селими предложи за сите предлози кои од ИО се доставуваат до собранието , тоа да биде д-р Денковски, по што членовите ИО едногласно се согласија.

Во однос на доставениот допис од ЗПЗСУ ПДДМ до д-р Манасиев како претседател на Собранието на СКМ за донација до министерство за здравство за наводните собираните средства за Солидарен фонд од 2011 до 2018 и кои наводно биле искористувани за приватни цели од 2011 година па наваму, како и за во најмала рака некоректни формулации за Комората и сегашното раководство , кој допис исто така беше пласиран и по медиуми и социјални мрежи д-р Манасиев побара од членовите согласност да се консултира со адвокатска канцеларија дали дописот има елементи за граѓанска судска постапка или слични законски дејствија. Членовите на Извршниот одбор по кратка дискусија му дадоа **согласност** на д-р Манасиев за консултација и правен совет од адвокатска канцеларија околу допис.

Д-р Денковски информираше за помошта со автоклави и др.опрема за членовите на Комората за кои стана збор минатата седница и предложи дека можеби е подобро е да се разговара со неколку банки за можност за отварање на „линија„ на поволни кредити со

минимална камата или без каматен кредит за помош на докторите со тоа што Комората ќе биде или гарант за плаќање за да добијат подобри услови или можеби ќе е прифатливо каматата наместо членовите да ја плаќа Комората.

Д-р Гагалевски смета дека тоа би допринело за поголема штета и задолжување на докторите затоа што се уште не знаат со каква опрема би требале да работат.

Д-р Чемерска Попова со согласност да се почнат разговори со банките, исто како и Д-р Касапи со согласност за предлогот на д-р Денковски по што ИО во целост даде согласност.

Исто така даде предлог да се изготви еден протокол за работа и истиот да биде почитуван, односно да се прават контроли, на што д-р Денковски одговори дека во наредниот период ќе се разгледа дополнување на упатсво кога ќе се прави редовен стручен надзор комисиите за надзор да ги проверуваат и протоколите.

Д-р Стојанов со барање, откако ќе се добијат протоколите се да биде специфицирано со цена и да се постави прашање кој ќе го плати сето тоа. Д-р Денковски со одговор дека на следната седница на Извршниот одбор ќе се разгледуваат новите услови по носење на новите протоколи и по што и економската комисија на Комортата ќе биде задолжена за проценка на „новите„ трошоци , односно колку ќе чини работата со пациенти по протокол .

Д-р Селими со став дека најпрво треба да се направат протоколите, па потоа да се определат цените.

На крајот од седницата, д-р Манасиев предложи членовите на Извршниот одбор да се откажат од дневницата предвидена за таа седница и истите средства да бидат искористени во идниот Фондот за Ковид 19, односно за набавка на опрема и заштитни средства за оние ординации кои работат како дежурни, итни ординации. Овој предлог на д-р Манасиев беше прифатен од сите членови на Одборот, по што Извршниот одбор донесе едногласна **одлука** дневниците на членовите на Извршниот одбор да бидат искористени во т.н.Фондот за Ковид 19.

**Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Мир инд е и и**

М.П.